РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-1190/3
06-09-2021
г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 51та седница одржана на ден 31.08.2021 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ги исцрпи своите механизми за надлежно постапување во предметот со број 09-9250/1 од 20.11.2017 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-9250/1 од 20.11.2017 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот 09-9250/1 од 20.11.2017 година е оформен врз основа на барање мислење за тоа дали претставуваат корупција или судир на интереси уплатите за спонзорство од страна на субјектите на надзор, писмата од синдикалната организација за земјоделство, шумарство и водостопанство претставувана од претседателот ---- -------- до правните субјекти кои подлежат на негов надзор, како Главен инспектор на Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството со руралниот развој, органското производство, тутун и тутунските производи и квалитет на земјоделски производи, како и тоа дали претставува корупција или судир на интереси барањето на парични средства за точење на гориво во службено возило од страна на ---- -------- како главен инспектор.

Државната комисија постапуваше по предметот и согласно приложената документација и барањата од надлежните институции, односно Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот управен инспекторат кои се обратија до Државната комисија со барање за доставување на податоци по предметот, на седница одржана на 26.02.2018 година заклучи предметот се целокупната документација да се даде на надлежно постапување на Инспекцискиот совет на Република Македонија и за тоа ги извести заинтересираните страни, односно Државниот инспекторат за земјоделство и Државен управен инспекторат.

Инспекцискиот совет на Република Македонија со Известување број 09-137/9 од 19.03.2018 ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата дека постапувала по барањето за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

надлежно постапување доставено од страна на Државната комисија, по што констатирано е дека директорот на Државниот инспекторат за земјоделство постапил согласно законските надлежности со тоа што го пријавил коруптивното однесување на својот вработен ---- -------- - главен инспектор на Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството со руралниот развој, органското производство, тутун и тутунските производи и квалитет на земјоделски производи и бара Државната комисија да донесе одлука за постоење или не постоење на состојба на судир на интереси.

По повторно разгледување на целокупната документација по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 27-ма седница одржана на ден 14.02.2020 година, **заклучи** дека во конкретниот случај службеното лице ---- --------, како што и Инспекцискиот совет по надлежно постапување утврдил, ја искористил својата положба и овластување и презел низа коруптивни дејствија со кои влијаел врз субјектите на надзор за да обезбеди уплати на спонзорства за учество на синдикални средби и спортски игри и барал парични средства за точење на гориво во службено возило.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија со утврдувањето на непостоење на состојба на судир на интереси, ги исцрпи своите законски можности за свое надлежно постапување, па поради тоа од Инспекцискиот совет како надлежна институција побара да преземе соодветни мерки согласно Законот за инспекциски надзор и за преземените дејствија да ја извести Државната комисија во најкус можен рок.

Во согласност со ваквото барање од страна на Државната комисија, Инспекцискиот совет достави известување дека бидејќи се работи за предмет кој што е отворен подолг период, согласно член 55 став 1 од новиот Закон за инспекциски надзор, постапките за утврдување на дисциплинска одговорност од страна на инспектор се водат во согласност со законот за административни службеници, односно Инспекцискиот совет нема надлежност за поведување на дисциплински постапки.

По вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија одлучи да го запре постапувањето затоа што по низа преземени дејствија се утврди дека во конкретниот случај не станува збор за состојба на судир на интереси, а притоа постапувал и надлежен орган.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК